*РЖ ЕКОНОМИКА АД СКОПЈЕ*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2020**

РЖ Економика АД Скопје на крајот од 2020 год.забележа негативен финансиски резултат и оствари нето загуба од 2.910.376 ден.

**а**.Друштвото нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

**б**.Оперативните приходи во износ од 13.048.779 ден. бележат пад од 38 % во однос на истиот период претходната година, што се должи пред се на значајно.намалување во делот на останати оперативни приходи.
Евидентирани се зголемени финансиски приходи по основа на вложувања во неповрзани друшва, во однос на претходната година.
Оперативните расходи во износ од 15.989.994 ден. се на приближно ниво со 2019 год.
Позначајен пад има кај услугите со карактер на материјални трошоци од 49%.
Финансиски расходи не се забележани.

**г**.Не е исплатена дивиденда во текот на 2020 год.

**д**.Извршени се вложувања од 5.485.213 ден. во материјални средства (позначајна е ставката за реновирање и обнова на деловен простор за изнајмување и помал износ за набавка на компјутерска и канцелариска опрема)

**ѓ**. Друштвото нема кредитни задолжувања.

**е**.Деловниот амбиент во државата и непосредното работно окружување /продуциран од здравствената и економска криза/ имаа значајно влијание врз резултатите од нашето работење во текот на оваа година.

Тековниот и идниот период ќе се вложуваат напори за ставање во функција на досега неактивни сегменти и се прават интензивни активности во насока на издавање на расположивиот деловен (канцелариски и магацински) простор.
Продолжуваат и заложбите за привлекување нови клиенти во дејноста поврзана со продажба на резервни делови од делокругот на нашето работење /за машинска и индустриска опрема/.